Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Бр. 27-14605/3
Датум 18.10.2021

**До:** Институт за Европска политика (ЕПИ)
ул. Антоние Грубишиќ бр.2
1000 Скопје

**Предмет:** Одговор на предлог Иницијатива за Програмата за работа на Владата за 2022 година

Почитувани,

Од страна на Владата на Република Северна Македонија, до Министерството за образование и наука е доставена предлог Иницијатива за Програмата за работа на Владата за 2022 година, поднесена од Институт за Европска политика (ЕПИ).

Во предлог Иницијативата, а во рамки на стратешкиот приоритет „Квалитетно обраозвание достапн за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развојот и унапредување на културата и спортот" Институт за Европска политика (ЕПИ) предлага: „распределување на средства за препишување и објавување на образовни материјали на Браилово писмо, на сите уставно признати јазици, како и аудио книги на истите јазици" како и „да се стави голем фокус на обучување на наставниот кадар. Од таа причина, треба да се распределат проекти и средства за понатамошно образование на наставниците, дефктолозите и личните/образовните асистенти".

Во однос на двата изнесени предлога Ве известуваме дека Министерството за образование и наука, целосно ги прифаќа. Во таа насока, Министерството има подготвено предлог нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основното и средното образование, во кој меѓудругото е уредено дека „за учениците со оштетен вид (слепите и слабовидните ученици) Министерството за образование и наука обезбедува учебници испечатени со Брајово писмо. За да бидат учебниците и другите наставни и дидактички материјали достапни за


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

учениците со попреченост, нивната електронска форма треба да ги задоволи стандардите за е-пристапност." Дополнително член 11 од предлог законот предвидува „Подносителот на учебникот, наставниот, односно дидактичкиот материјал, за кој е доставен предлог за негова употреба до директорот на Бирото, односно директорот на Центарот, Бирото, односно Центарот го известува дека, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето, треба да достави превод на учебникот, наставниот, односно дидактичкиот материјал на сите јазици на кои се реализира наставата во основните, односно средните училишта во Република Северна Македонија <u>и да го достави учебникот во аудио формат</u>."

За прв пат од оваа учебна 2021/2022 година Министерството за образование и наука овозможи печатење на новите учебници за прво и четврто одделение, според новите наставни програми, со Брајово писмо, за учениците со оштетен вид, а во иднина истото ќе биде обебедено за учениците од останатите одделенија.

Во однос на обуката за наставниците, специјалните едукатори и рехабилитатори (дефектолози) и образовните асистенти, согласно Законот за основното образование обуките за образовните/личните асистенти и инклузивното образование се во надлежност на ресурсните центри, врз основа на програма за обука на образовен/личен асистент која на предлог на Бирото за развој на образованието ја носи министерот за образование и наука. Врз основа на тоа изготвена е предлог програма за обука со поддршка на Канцеларијата на Уницеф во земјата и истата треба да биде формално донесена во следниот период. Имајќи предвид дека за оваа учебна година за прв пат со средства од Буџетот на државата (буџетот на министерството) се ангажирани 500 образовни асистенти, МОН и ресурсните центри спроведоа обука на сите образовни асистенти пред почетокот на учебната година, врз основа на пилот Програмата спомената погоре. Исто така пред стартот на учебната година вработени се 49 нови специјални едукатори и рехабилитатори во основните редовни училишта и училиштата со ресурсни центри во насока на поддршка на учениците со попреченост и на наставниот кадар, а основните училишта со ресурсни


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

центри добија 2,5 милиони денари за набавка на опрема и дидактички средства во функција на поддршка на инклузивното образование.

Врз основа на погоренаведеното во Стратешкиот план на Министерството за обраозвание и наука 2022-2024 предвидена е мерка „Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно образование на учениците со попреченост".

Со почит,

Министерка,
Мила Царовска

Подготвил: Билјана Трајковска